

Pestalozzi Children's Foundation

# Прилог

Оваа активност се имплементира од страна на
**Смарт АП - Лабораторија за социјални иновации Скопје**, во рамките на проектот
*„Промоција на безбедна училишна средина“.*

Проектот *„Промоција на безбедна училишна средина“* се спроведува од страна на Коалицијата на младински организации „СЕГА“ во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада во светот „МЕЃАШИ“ и СМАРТ АП - Лабораторија за социјални иновации Скопје, а финансиски поддржан од Детската фондација „Песталоци“.

smartup

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER



# Лажни профили на Инстаграм и сценарија

Промоција на безбедна училишна средина
Проект поддржан од Детска фондација Песталоци

ЕДУЛАБ

**1. „Популарниот пријател“**

- Профил: @CoolBuddy_MK
- Опис на профил: „Барам нови пријатели, следи ме за добри совети!“
- Следбеници: 3.250 | Следи: 7.890
- Објави: Слики од забави, луксузен живот, познати локации

♦ Сценарио

„CoolBuddy_MK“ испраќа пораки до ученици, тврдејќи дека ги познава заедничките пријатели и ги прашува за нивната локација, омилени места за излегување и лични податоци. Некои ученици веќе му испратиле лични информации.

*Закана: Лажен профил за добивање информации*

♦ Прашање за учениците:

Како би откриле дека профилот е лажен? Што би направиле за да избегнете потенцијална опасност?

**2. „Мистериозниот натпревар“**

- Профил:  @InstaWin_Giveaway
- Опис на профил: „Учествувај во нашата наградна игра! Освој телефон или купон!“
- Следбеници: 12.000 | Следи: 3
- Објави: Фотографии од „добитници“, лажни награди

♦ Сценарио

Овој профил објавува лажна наградна игра, барајќи од учениците да кликнат на врска и да внесат лични податоци (корисничко име, лозинка или телефонски број).

Закана: Профил за кражба на идентитет (фишинг)

♦ Прашање за учениците:

Како можеме да откриеме дека ова е измама? Што треба да направиме доколку добиеме ваква порака?

**3. „Лажен инфлуенсер“**

- Профил: @FashionQueen_Official
- Опис на профил: „Мода, убавина и совети за совршен живот! □“
- Следбеници: 50.000 (но, сите коментари се емотикони или празни)
- Објави: Слики од скапа облека, луксузни патувања

♦ Сценарио

@FashionQueen_Official објавува „совршен живот“ и пишува дека нејзиниот изглед и популарност се најважните нешта. Во пораки на ученици, им предлага опасни диети или нивна слика да се сподели за „промоција“.

Закана: Профил за манипулација

♦ Прашање за учениците:

Како влијаат ваквите профили врз самодовербата? Што можеме да направиме за да се заштитиме од манипулативни содржини?

**4. „Таен обожавател“**

- Профил: @SecretCrush_MK
- Опис на профил: „Знам нешто за тебе...“
- Следбеници:120 | Следи: 5.000
- Објави: Анонимни пораки и мемиња

♦ Сценарио

Овој профил им испраќа на учениците пораки како „Знам што направи вчера“ или „Твојата тајна ќе биде откриена“. Ова предизвикува страв и вознемиреност.

Закана: Лажен профил за кибермалтретирање

♦ Прашање за учениците:

Како треба да реагираме ако добиеме вакви пораки? Кои се чекорите за пријавување вакви профили?

**5. „Лажен учител“**

- Профил: @ProfessorX_MK
- Опис на профил: „Наставник со долгогодишно искуство. Следете за совети!“
- Следбеници: 2.400 | Следи: 600
- Објави: Советодавни објави, но и сомнителни барања

♦ Сценарио

Овој профил се претставува како наставник и испраќа пораки до ученици барајќи лични информации или да споделат фотографии во име на „училиштен проект“.

Закана: Манипулација со авторитет

♦ Прашање за учениците:

Како можеме да провериме дали некој е вистински наставник? Како се справуваме со сомнителни пораки од „авторитети“?